ПРАВИЛНИК ЗА АНГАЖИРАЊЕ НА АФИРМИРАНИ НАУЧНИЦИ, УМЕТНИЦИ И СТРУЧЊАЦИ ОД ПРАКТИКАТА

Скопје, 30.05.2025 година

Врз основа на член 94 од Законот за високото образование („Службен весник на РМ бр. 82/18") и член 72 од Статутот на Европски универзитет Скопје,

ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
Бр. 03-3061/2
04.06 2025 год
СКОПЈЕ 1

Универзитетскиот сенат на 140-та седница одржана на 30.05.2025 година, го донесе следниот:

ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ
НА
ПРАВИЛНИК
за ангажирање на афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката

I. Општи одредби

Член 1

Со овој Правилник се уредуваат начинот, постапката и условите за ангажирање и изведување на настава на афирмираните научници, уметници и стручњаци од практиката на Европски универзитет Скопје во натамошниот текст: (Универзитетот).

II. Начин и постапка за ангажирање на афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката

Член 2

На покана на Универзитетот, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката, како специјалисти и експерти, можат да изведуваат настава по одделни делови од наставен предмет, на кој што ќе бидат ангажирани, во обем, времетраење и според услови, дефинирани со овој Правилник.

Член 3

Афирмирани научници и уметници се лица кои дале особен придонес и имаат остварено значајни достигнувања во земјата и странство од соодветната област во која што се ангажираат на факултетите на Универзитетот.

За истакнат стручњак од практиката од соодветната област се смета лице кое:

-има најмалку високо образование;
-има најмалку 10 годишно работно искуство во соодветната област и
-да е истакнат стручњак во соодветната област и да има постигнувања во практичната примена на научните познавања во даденото поле.

Член 4

Предлозите до Наставно - научниот совет на факултетите, во писмена форма, ги доставуваат наставниците кои ги предаваат предметите, на кои треба да бидат ангажирани афирмираните научници, уметници или истакнатите стручњаци од практиката.

Предлозите, меѓу другото, треба да содржат:

- биографија на кандидатот;
- список на тематските единици од предметната програма по соодветниот предмет за кои се бара да биде ангажиран афирмираниот научник, уметник или истакнат стручњак од практиката;
- учебната година и времетраењето на ангажманот.

Член 5

Наставно-научниот совет на факултетот ги разгледува доставените предлози на редовна седница. При одлучувањето, се земаат во предвид релевантноста на биографијата на кандидатот, усогласеноста на предложените тематски единици со предметната програма и оправданоста на потребата од ангажман.

По разгледување, Советот донесува одлука за прифаќање или одбивање на предлогот со мнозинство гласови од присутните членови.

Предлозите може да бидат и составен дел на Годишната програма за работа, која ја усвојува наставно-научниот совет на факултетот.

Член 6

При изведувањето на наставата од страна на афирмираните научници, уметници и истакнати стручњаци од практиката присуствува и предметниот наставник.

За ангажманот, на афирмираните научници, уметници и истакнати стручњаци од практиката им се издава потврда за реализираната наставна содржина.

IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 7

Автентично толкување на одредбите од овој Правилник дава Универзитетскиот сенат.

Член 8

За измени и дополонувања на Правилникот се спроведува постапка иста како и при негово донесување.

Член 9

Правилникот влегува во сила со денот на неговото донесување, од страна на Универзитетскиот сенат.

Претседател на Универзитетски сенат:

Проф. д-р Соња Вујасин